Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 јуни 2005 година.

Бр. 07-2455/1
23 јуни 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Законот за внатрешни работи ("Службен весник на Република Македонија" број 19/95, 55/97, 38/2002, 33/2003 и 19/2004), во Главата II, во насловот на точката 4, во членот 20-а ставови 1, 3 и 4 и во членот 20-б зборовите: "подрачната единица на Министерството" се заменуваат со зборовите: "полициската станица од општа надлежност".

Член 2

Во членот 20-а став 1 по зборот "избира" се додаваат зборовите: "со мнозинство гласови од вкупниот број советници", а зборовите: "советите на општините кои ги опфаќа подрачната единица" се заменуваат со зборовите: "советот на општината во којашто е сместена полициската станица од општа надлежност".

Во ставовите 2 и 3 зборот "изберат" се заменува со зборот "избере".

Член 3

Во членот 20-а ставови 1, 2 и 3 и во членот 20-б зборовите: "советите на засегнатите општини" се заменуваат со зборовите: "советот на засегнатата општина".

Член 4

До денот на формирање на полициска станица од општа надлежност во општините во кои на денот на влегувањето во сила на овој закон нема полициска станица од општа надлежност, раководителот на полициската станица од општа надлежност ги информира редовно и на барање советите на општините кои ги опфаќа полициската станица од општа надлежност.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".